Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1914/2021
Дата 2 8 -12- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Боговиње се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на згради од лесната градежна индустрија на КП бр. 1248/1 и КП бр. 1249/1 во КО Пирок вон градежен реон, Општина Боговиње. Површината за која се издаваат услови за планирање на просторот изнесува 0,1 ха.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0,758 ха, кој се состои од КП бр.1248/1, 1249/1 и 1250 во КО Пирок, Општина Боговиње, а површината за која се издаваат услови за планирање на просторот изнесува 0,1 ха. За останатиот дел од планскиот опфат од 0,658 ха, има издадено услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс во КО Пирок, Општина Боговиње, со тех. бр. У29908.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y24621** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на згради од лесната градежна индустрија во КО Пирок, Општина Боговиње, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ" бр.3/21), кои се однесуваат на оваа зона.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на згради од лесната градежна индустрија на КП 1248/1 и КП 1249/1 во КО Пирок, Општина Боговиње, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на згради од лесната градежна индустрија на КП бр. 1248/1 и КП бр. 1249/1** во **КО Пирок вон градежен реон, Општина Боговиње**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Боговиње**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 37997 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на згради од лесната градежна индустрија на КП бр. 1248/1 и КП бр. 1249/1 во КО Пирок вон градежен реон, Општина Боговиње.

Предметниот опфат со КП бр. 1248/1 и 1249/1 ќе се спои со КП бр. 1250 за која што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс во КО Пирок, Општина Боговиње со тех.бр. У29908, со што вкупната површина на планскиот опфатот ќе изнесува 0,758 ха.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за